*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 86 | Година XV | ноември - декември 2020 г. | **Весник на Општина Аеродром**



# СОДРЖИНА

АКТУЕЛНО ....................................3

АКТИВНОСТИ .................................... 4 - 11

ЕКОЛОГИЈА .................................... 12 - 19

ОБРАЗОВАНИЕ .................................... 20 - 21

ЗДРАВЈЕ .................................... 22 - 25

СПОРТ .................................... 26 - 27

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ....................28 - 29

ЗАБАВА .................................... 30

ИНФО.................................... 31



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Гордана АЦЕСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА
Елена БАКРАЧЕСКА-ПОПОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Гордана Ацеска

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани

**Фоторепортери**
Бојан Тренчевски
Елена Бакраческа-Поповска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Златко Марин

**Печати**
Европа 92 - Кочани

тираж 35.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје



# ВО БУЏЕТОТ ЗА 2021 – ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ЕКОЛОГИЈАТА

***Советот на Општина Аеродром на 48. седница го изгласа буџетот за 2021 година со развојна компонента***

Градоначалникот Златко Марин во образложението на новиот буџет посочи дека Општина Аеродром во 2021 година ќе се фокусира на заштита на животната средина, подобрување на условите во образованието, спортот, грижата за младите и за ранливите категории и други зацртани проекти во интерес на граѓаните.

Една од главните ставки предвидени во буџетот е заштита на животната средина и повеќе мерки за намалување на аерозагадувањето, за што се обезбедени дополнителни средства за заштита на животната средина. Притоа, ќе се продолжи и со доделување субвенции за велосипеди, како и со обнова на блоковското зеленило. Исто така, во програмата за паркови и зеленило се предвидени средства за изградба на нови паркови и зелени површини, и тоа по еден покрај улицата „Васко Карангелески“ и во индустриската зона во близина на Џевахир и три во Стар Аеродром, како и за садење нови 5 000 високостеблести дрвја, а ќе се проектира и новиот парк кај ФФМ.

Што се однесува до проектите за подобрување на образованието, во буџетот за наредната година се предвидени средства за изградба на нова детска градинка, за парична помош за надоместок на патни трошоци на учениците со посебни образовни потреби, еднократна парична помош за секое прваче и за најдобар ученик на генерација од секое основно училиште во Општина Аеродром, за субвенционирање на трошоците за топол оброк на учениците во основните училишта, како и за набавка на смарт-табли и друга современа ИКТ-опрема за сите училишта. Во 2021 година ќе се реконструираат и изградат нови детски и спортски игралишта, ќе се подготват проекти за поставување лифтови за ученици со посебни потреби во училиштата „Александар Македонски“ и „Гоце Делчев“, а ќе се постават вакви лифтови во „Љубен Лапе“ и „Лазо Ангеловски“, ќе се догради објектот на ООУ „Лазо Ангеловски“, каде што ќе се опреми и сензорна соба. Во населбата Стар Аеродром ќе се изгради ново спортско игралиште, додека на спортските игралишта ќе се постават нови подлоги. Сите основни училишта и детски градинки ќе се постават фотоволтаици, што ќе придонесе за огромна заштеда на електрична енергија.

Во делот на инфраструктурата во буџетот за 2021 година се испланирани средства за изградба на улици, меѓу кои пристапните улици 6 и 7 заедно со атмосферска канализација во населбата Мичурин, за обележување на сообраќајната сигнализација во целата општина, како и за проектирање на општинска зграда. Ќе се реконструира и паркиралиштето и скверот зад ТЦ „Бисер“ и „Капитол мол“.

## ГРАЃАНИТЕ УЧЕСТВУВАА ВО ПОДГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2021 ГОДИНА

***Општина Аеродром како отворена, услужна и транспарентна општина ги повика граѓаните да се вклучат во подготвувањето на буџетот***

Општина Аеродром со цел да овозможи поголема вклученост на граѓаните и граѓанскиот сектор во креирањето на буџетот за 2021 година, објави анкетен прашалник, на кој граѓаните можеа да ги дадат своите мислења, предлози и идеи од јавен интерес и од различни сфери во надлежност на локалната самоуправа.

Дадените одговори на граѓаните беа разгледани и анализирани од соодветните служби во општината, според кои се креираше буџетот за 2021 година.



# СЕ ЗАЈАКНУВА СОРАБОТКАТА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Општина Аеродром неодамна објави јавен повик до здруженијата на граѓани и фондациите во Македонија, а особено до оние што имаат седиште и дејствуваат на територијата на Општина Аеродром, за изразување интерес за соработка со цел остварување на јавните потреби и јавниот интерес.

Дел од проектните цели за потенцијална соработка се промовирање на европските вредности во процесот на пристапување кон Европската Унија, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење, зголемување на јавната свест на населението од областа на животната средина, младински локални политики во функција на интегрирањето со европското законодавство, градење мултикултурно, унитарно и толерантно општество за сите.





# „Како до побезбедни училишта“ – нов проект на Институтот ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ и Општина Аеродром



На 30 ноември беше означен почетокот на проектот „Како до побезбедни училишта“ во организација на Институтот за европски образовни, социокултурни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ, СКОПЈЕ, а поддржан од Општина Аеродром.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и претседателката на Советот, Ивана Цветковска, остварија средба со универзитетските професорки Татјана Стојаноска Иванова и Елизабета Томевска-Илиевска, кои се дел од тимот што ќе работи на реализација на новиот проект.

Проектот е посветен на меѓуврсничкото насилство (булинг) и има цел на транспарентен и сеопфатен начин да се проговори за оваа појава и да се изнајде најсоодветен начин за негово спречување и превенирање.

На денешната средба беше утврдена динамиката со која ќе се спроведува проектот во согласност со новите услови поради пандемијата од КОВИД-19.

Исто така, беа промовирани новите образовни материјали што се изготвени и наменети за наставниците, стручните служби во училиштата, како и за родителите, а кои се однесуваат на социолошките, психолошките и педагошките аспекти на меѓуврсничкото насилство. И за учениците се подготвуваат дидактички материјали и брошури, приспособени на нивната возраст.

Во рамките на проектот ќе се одржат состаноци со координаторите на советничките групи во Советот на Општина Аеродром, Секторот за образование, како и со директорите на основните училишта.

Проектот ќе опфати и неколку семинари на кои ќе се обратат неколку универзитетски професори, а ќе се одржат и работилници за превенирање на насилството во училиштата.

„Како до побезбедни училишта“ ќе биде заокружена со завршна конференција, а паралелно се снима и филм посветен на оваа тема.

# УСПЕШНА КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ






Успешно се спроведе крводарителската акција организирана во просториите на Општина Аеродром.

Покрај вработените, крв даруваа и голем број хумани граѓани, а целата акција се спроведе по сите протоколи и мерки за заштита од КОВИД-19.

Досега се организирани голем број крводарителски акции во просториите на Општина Аеродром, а тоа ќе остане практика и во иднина.

Крводарителската акција ја организираа Црвен крст - Општинска организација Кисела Вода и Институтот за трансфузиска медицина во соработка со Општина Аеродром и градоначалникот Златко Марин, кој им се заблагодари на сите за хуманоста.





**Поставуваме нови стандарди во паркот „Бојмија". За најмладите се подготвува новото детско игралиште со современи реквизити за безбедна детска игра.**





# НОВА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦИТЕ ВО НАСЕЛБАТА ЛИСИЧЕ

Во изминатиот период се обележуваше нова хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците во населбата Лисиче во Општина Аеродром.

Сигнализацијата ги опфати споредните улици, каде што се поставија и нови знаци, а целта е да се зголеми безбедноста во сообраќајот.

Општина Аеродром претходно постави нова хоризонтална и вертикална сигнализација со која се воведе еднонасочен режим на улицата „Бојмија“ во населбата Острово во правец кон Железничката станица.

„Воведувањето на новиот сообраќаен режим ќе придонесе да се растовари сообраќајот, да се намали метежот, а со тоа да се зголеми и безбедноста на пешаците“, изјави градоначалникот Златко Марин. Општина Аеродром апелира до сите учесници во сообраќајот да бидат внимателни и да го почитуваат новиот воспоставен сообраќаен режим.








**Заврши уште една фаза од реконструкцијата на паркингот на булевар „Јане Сандански“ со обележувањето паркинг-места и нова вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација.**

**Продолжуваме понатаму со истата динамика!**







Подобрувањето на инфраструктурата е од големо значење за сите нас

# ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ПОДГОТВЕНО ЈА ДОЧЕКА ЗИМАТА

Општина Аеродром располага со 150 тони сол и две сопствени возила за зимско одржување на улиците, но доколку е потребно, ќе се ангажира и фирма со дополнителна механизација за расчистување на снегот. Службите се подготвени брзо и ефикасно да се справат со првиот снег, а дополнително за расчистување на тротоарите, автобуските постојки, како и приодите на градинките и училиштата ќе бидат ангажирани и сезонските работници.

Општинските служби ќе ја следат состојбата и ќе реагираат согласно со условите на теренот. Општина Аеродром ги потсетува граѓаните на нивната законска обврска да го расчистуваат снегот пред своите дворови и влезови на станбените згради, со што се овозможува проодност и непречен пристап до објектите.





# УРЕДЕНИ ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ ПОКРАЈ УЛИЦАТА „КОСТА НОВАКОВИЌ“

Општина Аеродром ја заврши реконструкцијата на веќе постојните, како и изградбата на новите пешачки патеки во непосредна близина на улицата „Коста Новаковиќ“ во Стар Аеродром. Станува збор за патеки што се наоѓаат меѓу зградите на површина од 3 500 квадратни метри со павер-елементи во боја и нови рабници. Општина Аеродром и во наредниот период ќе продолжи со реконструкција и изградба на целосно нови пешачки патеки на ниво на целата територија.





# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР ЈА ИСПОЛНУВАМЕ ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА!

Општина Аеродром под мотото „За чист и зелен Аеродром“ неодамна почна со реорганизација на комуналните активности, како дел од зелената агенда. Со цел да се обезбеди што почиста и поздрава околина, набавени се нови високоефикасни брендирани возила за чистење на јавните површини. Притоа, набавени се 11 возила, од кои 9 мали и 2 големи. Исто така, ангажираме и фирми за чистење шут и расчистување депонии со цистерни и друга механизација и специјални возила за чистење смет, со што очекуваме Аеродром да блесне.

Во тек се активностите за доделување субвенции на 440 граѓани за набавка на велосипеди, додека минатата година субвенции за велосипеди добија 285 корисници. Околу 426 жители на Аеродром годинава добија субвенции од по 1 000 евра за набавка на високоефикасни инвертер клима-уреди за затоплување на своите домови, кои се поекономични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за околината.

Преку проектот „Справување со загадувањето на воздухот во градот Скопје“ што е во тек, стотина жители на населбата Лисиче ќе добијат по 10 000 американски долари во денарска противредност, со цел да воведат мерки за зголемување на енергетската ефикасност на своите домови и на таков начин да се придонесе за намалување на загадувањето на воздухот. Финансиската поддршка за воведување на овие мерки е обезбедена од страна на Владата на Шведска преку Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во партнерство со Град Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). Неодамна го промснивме системот за греење и котелот за нафта го заменивме со печка на пелети во ПОУ „Гоце Делчев“ во Долно Лисиче во соработка со Бирото за регионален развој.

Исто така, во тек е и акција за отстранување на хаварисаните возила од јавните површини. Комуналните служби на Општина Аеродром спроведоа и акција за расчистување на дивата депонија во местото познато како Бановина во Горно Лисиче, од каде што се отстранети 5,5 илјади кубици смет и градежен шут. Покрај оваа огромна депонија, расчистивме и повеќе од 60 минидепонии што се создаваат од несовесни граѓани на различни локации и непрописни места и со тоа се загрозува животната средина, меѓу кои депониите во Реонски центар кај ПСС, депонијата во близината на паркингот „Св. Ѓорѓија“ на улицата „Ѓорѓи Капчев“, депонијата на улицата „Лисец“ кај стадионот во Горно Лисиче, а нашите комунални служби константно ги чистат депониите низ населбата Лисиче, како и кај амбулантата во оваа населба. Во соработка со Град Скопје, пак, ја расчистивме и дивата депонија покрај Железничката станица во Мичурин, која повеќе од 20 години никој не нашол за потребно да ја расчисти. Станува збор за површина од над 6 000 квадратни метри, од каде што се исфрлени повеќе од 15 000 кубни метри смет“.




Како дел од зелената агенда се многубројните екоакции, собирањето стотици кубни метри кабаст отпад во соработка со јавното претпријатие „Комунална хигиена“, поставување контејнери за ситен електронски отпад во големите маркети и трговски центри низ општината, бесплатното ослободување од стар електричен и електронски отпад во соработка со „Нула отпад“, акцијата за собирање пластика „од врата на врата“, која опфати 400 домаќинства од населбата Лисиче. Општинската комунална служба заедно со ЈП „Паркови и зеленило“ редовно го расчистуваат и кејот покрај реката Вардар.

Посебен акцент е ставен на подигнување нови зелени површини и садење нови дрвја и нискостеблести растенија на јавните површини. Притоа, се изградија неколку нови паркови, се насади зеленило и хортикултурно и партерно се уредија речиси 100 илјади квадратни метри на руинирани и запуштени простори и меѓу зградите. Само новиот урбан парк во Мичурин, сместен во срцето на оваа населба се протега на површина од 3 573 м2, новата зелена оаза кај Железничка станица на местото на некогашната депонија се протега на 6 000 м2, паркот „Бојмија“ на 5 500 м2, новиот парк покрај улицата „Методија Шаторов Шарло“ на 3 200 м2, новиот парк меѓу булеварот „Трета македонска бригада“ и касарната „Гоце Делчев“ на 2 500 м2, новиот парк спроти поликлиниката „Јане Сандански“ на 2 000 м2, а новиот урбан парк што е во изградба покрај улицата „Пандил Шишков“ во Стар Аеродром, пак, ќе се протега на 4 112 м2. Што се однесува до раззеленувањето на општината, во последниве 3 години насадивме околу 6 000 нови високостеблести садници.

Како што се гледа од огромниот број активности за заштита на животната средина, врвен приоритет на Општина Аеродром е и во иднина ќе биде реализација на еколошки проекти. Доказ за тоа е константното зголемување од година во година на општинскиот буџет за заштита на животната средина, за што само годинава во буџетот се издвоени околу 25 милиони денари. Со инвестирање во екологијата, инвестираме во она што им е најважно на граѓаните – здравјето!.

# ПОВЕЌЕ СРЕДСТВА ЗА ЕКОЛОШКИ И ОБРАЗОВНИ ПРОЕКТИ ВО АЕРОДРОМ

На 46. седница Советот на Општина Аеродром го донесе ребалансот на буџетот за 2020 година, со кој се пренаменија повеќе средства за проекти за заштита на животната средина и за подобрување на условите за образование и воспитание на децата.

„Заштитата на животната средина претставува врвен приоритет за нашата општина. За таа цел, со ребалансот на буџетот одвоивме средства за 4 нови еколошки проекти, со кои очекуваме да се подобрат условите за поквалитетен живот на граѓаните", изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Дополнителните средства ќе овозможат реализација на два нови проекта за хортикултурно и партерно уредување на зелени површини и тоа на булеварот „Јане Сандански" и на булеварот „АСНОМ" зад ФФМ, како и комплетна реорганизација на комуналната служба.

Преку ребалансот се обезбедија средства и за изградба на пет нови детски игралишта и за реконструкција и одржување на постојните детски и спортски игралишта, што ќе опфати поставување нови подлоги и нови реквизити, додека улиците во Горно Лисиче ќе добијат сообраќајна хоризонтална и вертикална сигнализација.

Покрај еколошките проекти, со ребалансот се предвидени и неколку нови проекти за подобрување на воспитно-образовниот процес во услови на пандемија. Секое училиште од општината ќе добие по 500 000 денари за хигиена и тековно одржување и по 246 000 денари за награда на наставниот кадар, стручните служби и техничкиот персонал во услови на пандемија, а 4 основни училишта ќе добијат проекти и сеизмички елаборати за нивна доградба, во висина од 4 200 000 денари.

Исто така, обезбедени се средства и за образовни асистенти за учениците со посебни образовни потреби од 1 до 3 одделение во износ од 15 000 денари.

Што се однесува до детските градинки, секоја од нив од Општината ќе добие по 1 000 000 денари за хигиена и тековно одржување и 18 000 000 денари за одржување и санација на зградите на детските градинки, а ќе се скрати и рокот за доградба на детската градинка „Црвенкапа"

Исто така е предвиден и нов проект во вредност од 260 000 денари, преку кој на учениците со посебни потреби ќе им се овозможат пливачки активности со инструктор.








# ДОДЕЛЕНИ СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ НА 443 ГРАЃАНИ

Целта на овој проект е поттикнување на граѓаните што помасовно да го користат велосипедот како превозно средство, што ќе овозможи да се растовари сообраќајниот метеж, но и да придонесе за почист воздух и поздрава животна средина.

На јавниот повик за субвенционирање велосипеди, пристигнаа 448 барања, од кои 443 се прифатени, а само 5 одбиени поради нецелосни документи.

- Повратот на средствата е во износ од 50 % од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3 000 денари, со вклучен персонален данок на доход.
- За оваа намена, од буџетот издвоивме 1 680 000 денари.



# НОВ ДРВОРЕД ПОКРАЈ БУЛЕВАРОТ АСНОМ, ЗАСАДЕНИ 300 ДРВЈА



Нови 300 листопадни и зимзелени дрвја се засадени покрај новоизградениот дел од булеварот АСНОМ, на потегот од хотел „Русија“ до „Хилтон“.

Висококвалитетните дрвја ги засади ЈП „Паркови и зеленило“ во соработка со Град Скопје и Општина Аеродром, а локацијата ја посетија градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, претседателката на Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева, како и директорот на ЈП „Паркови и зеленило“ Адријан Муча.

Новозасадените дрвја се очекува напролет да развијат убави крошни, чии сенки ќе придонесат за намалување на температурата во жешките месеци и овозможување попријатни услови за прошетки низ овој дел на Аеродром.

„Во изминатите три години значително го зголемивме квантитетот на зелените површини во Аеродром. Ја достигнуваме бројката од набавени и засадени близу 10 илјади нови дрвја на различни локации низ Аеродром“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Нови 520 нови листопадни и зимзелени дрвја се засадија и во новиот парк во Мичурин. Во овој парк засадено е и највисокото дрво за оваа сезона, кое е високо 7,4 метри, а за многу кратко време дрвјата ќе формираат широки крошни и ќе придонесат за намалување на температурите во жешките месеци.






# ЗАСАДЕНИ 60 САДНИЦИ НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ НИЗ АЕРОДРОМ

На територијата на Општина Аеродром неодамна се засадени 60 дрвја од видот платан, во паркот „Нирнберг“ во Ново Лисиче и на булевар „Србија“ во паркот зад бензинската станица на „Лукоил“.

Иницијатор на акцијата е Европскиот фонд за Балканот, кој ја започна иницијативата „Дрво на пријателството“ со истовремено садење 400 дрвја во Скопје, Сараево, Приштина, Тирана, Подгорица и Белград. Општина Аеродром во акцијата се вклучи со логистичка поддршка.

Целта е да се подигне свеста за проблемот со аерозагадувањето што го делат земјите во регионот.

Општина Аеродром во изминатите три години организираше голем број акции за засадување и озеленување, при што се достигна бројката од околу 10 000 садници на разни локации низ општината.







**Парк Бојмија, Аеродром**

**Златко Марин:** Пандемијата што ја предизвика коронавирусот и што го погоди целиот свет, не ме спречи во мисијата и третата година од мојот градоначалнички мандат да го посветам на развојот на нашата општина!

**#ПоставувамеНовиСтандарди**



# ПРОДОЛЖУВА ЕКОЛОШКАТА АКЦИЈА ВО СОРАБОТКА СО „НУЛА ОТПАД“

## Зошто електричниот и електронскиот отпад е проблем? Како се создава и какви последици има врз човекот и врз животната средина?

Еколошката акција на Општина Аеродром во соработка со „Нула отпад“ продолжува на барање на граѓаните, кои можат да се јават на еколинијата 070/236 000 и да пријават неисправни електрични и електронски уреди од својот дом или компанија за бесплатно да бидат подигнати и доставени до рециклаторен центар. Правните лица на територијата на општината ќе бидат обезбедени со неопходната документација, согласно со законската регулатива за правилен материјален испис на расипаната електроника.

Доколку електричниот и електронскиот отпад се третира, уништува и депонира несоодветно, доаѓа до испуштање на тешки метали во воздухот, водата и почвата што сериозно влијае на здравјето на граѓаните и воопшто на квалитетот на животната средина со фатални последици. Речиси 70% од тешките метали, вклучувајќи ја живата и кадмиумот на депониите потекнуваат од електронската опрема.

Во оваа категорија на е-отпад спаѓаат компјутери и компјутерска опрема, мобилни телефони, телевизори, видеорекордери, музички системи, автомати за кафе и сок, автомати за пари, камери, детектори, медицински уреди и апарати, играчки, видеоигри, електрични алати, шпорети, фрижидери, перални и мали кујнски апарати.




## ДА СЕ ОСЛОБОДИМЕ ОД ЕЛЕКТРОНСКИОТ ОТПАД НА БЕЗБЕДЕН НАЧИН!

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ БАРА АСИСТЕНТИ ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Општина Аеродром објави јавен повик на кој можат да се пријават невработени лица и студенти што се заинтересирани да се вклучат за поддршка на процесот на инклузија на децата со посебни образовни потреби, ученици од прво до трето одделение во основните училишта на подрачјето на Општината.

Проектот опфаќа работно ангажирање на лица со скратено работно време за период од пет месеци, со скратено работно време од дваесет работни часа неделно. Условите од јавниот повик може да се прочитаат на официјалната веб-страница на Општината.






# НАША ДОЛЖНОСТ Е СИТЕ ДА СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА!

На 21.11.2020 година комуналните служби на Општина Аеродром заедно со целокупната расположлива механизација успешно ја спроведоа акцијата за чистење на реоните населба Лисиче, Ново Лисиче, Реонски центар и булевар „Февруарски поход“.

Комуналните служби на општината со целокупната механизација на општината: 50 работници, 9 рачни машини за чистење и дезинфекција на јавни површини, 2 возила за метење, 2 камиона, 3 ѓубретарки и механизација за чистење депонии, расчистија значителна количина комунален отпад и смет од јавните површини, дивите депонии, а се изврши и метење, стругање и собирање лисја и гранки од плочниците, патеките, паркинзите и парковите.

Грижата за животната средина е наша должност. Да изградиме повисока еколошка свест за почиста и поздрава околина. За чист и зелен Аеродром!

Ваквите акции за чистење ќе продолжат и во наредниот период на целата територија на општината. Општина Аеродром апелира до граѓаните совесно да се однесуваат со отпадот во услови на пандемија и зголемено загадување.

По успешно изведената акција за чистење на Лисиче со целата расположлива механизација на Општината и со вклучување на новите машини за чистење, на 28.11.2020 продолжи акцијата за отстранување на комуналниот отпад од јавните површини во населбата Јане Сандански, како и метење, стругање и собирање лисја и гранки од плочниците, патеките, паркинзите и парковите, како и расчистување на депониите.

**За почист и поубав Аеродром!**










Акција за почист Аеродром

ОБРАЗОВАНИЕ

# ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

По повод 99-годишнината од раѓањето на македонскиот лингвист, професор, академик, кодификатор на современиот македонски јазик, Блаже Конески, градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, положи цвеќе пред бистата на великанот во истоименото основно училиште во Аеродром, оддавајќи му почит за неговиот безвременски придонес.

Свежо цвеќе положија и претседателката на Советот, Ивана Цветковска и дел од советниците.

Честитајќи го патрониот празник на училиштето „Блаже Конески“, градоначалникот Марин порача да се чува и негува неговото богато творештво, кое остави трајни вредности за сегашните и идните генерации.



# СЕ УРЕДУВА ДВОРОТ НА НОВАТА ЗГРАДА НА УЧИЛИШТЕТО „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“

Интензивно се работи на новиот објект на училиштето „Димитар Македонски“ во населбата Лисиче и сè се одвива според предвидената динамика.

Моментално се поплочува дворот на објектот со павер-елементи, по што ќе бидат поставени клупи за седење, како и друга урбана опрема. Исто така, интензивно се работи и на внатрешноста на објектот.

Првата фаза ќе заврши до Нова година, а целиот објект ќе биде готов идната година.

Новата училишна зграда е со површина од 2 840 квадратни метри и со капацитет од 700 ученици. Ќе биде опремена со најсовремени кабинети, простории за дневен престој, кујна и простории за наставниците.





# ДОДЕЛУВАМЕ СУБВЕНЦИИ ЗА ТОПОЛ ОБРОК

- ✅ Им излегуваме во пресрет на родителите!
- ✅ Субвенционираме топол оброк на учениците од основните училишта
- ✅ На секој ученик што користел топол оброк за време на престојот во училиште ќе му бидат исплатени средства во износ од 25 % од уплатениот износ за еден месец, но не повеќе од 500 денари.




# ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ ДОБИ СЕРТИФИКАТ ЗА СОВРЕМЕНАТА ОБРАЗОВНА ИБ-ПРОГРАМА

Основното училиште „Браќа Миладиновци“ неодамна доби сертификат за авторизирана работа со современата образовна ИБ (IB) програма, која за учениците е предизвик тие да се истакнат во своето школување, студии, па и академски и лични достигнувања, со цел да го поврзат она што го учат со реалниот живот.

Над 5 000 училишта во светот под мотото „Образование за подобар свет“ избраа да предаваат според ИБ-програмата за уникатно образование и личен развој на учениците. Во тие училишта се вработени над 70.000 наставници, кои учат повеќе од еден милион ученици од светот.

Учениците што учат по оваа програма се охрабрени да размислуваат независно и да управуваат со сопственото учење, им се отвораат вратите на некои од највисоко рангираните универзитети низ целиот свет и на тој начин полесно се вклучуваат во глобализираниот брзо менувачки свет. Предност од ИБ-програмата имаат и училиштата, бидејќи да се стане ИБ светско училиште значи да станете дел од заедницата на едукатори, која постојано расте и се развива.

„Ми претставува чест и задоволство што ООУ „Браќа Миладиновци“ ја доби потребната акредитација за да може авторизирано да работи според методологијата на ИБ-организацијата (ibo.org) за предметна настава. Училиштето веќе три години е авторизирано за одделенска настава. Сега сме комплетни“, изјави директорот на училиштето Тони Димов.

**Честитки и од Општина Аеродром за ООУ „Браќа Миладиновци“!**



# И ДОГОДИНА ЌЕ БИДЕТЕ МЛАДИ И ДОГОДИНА ЌЕ УЖИВАТЕ ВО ЖИВОТОТ!

## Д-р Жарко Караџовски, претседател на Комисијата за заразни болести



Општина Аеродром во екот на вториот пик од епидемијата со коронавирусот разговараше со епидемиологот со над 30-годишно искуство и актуелен претседател на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, прим. д-р Жарко Караџовски. За дилемите што ги мачат аеродромци околу справувањето со овој невидлив непријател, експертот за вируси, кој е и жител на Општина Аеродром, советува да се почитуваат мерките. Тој особено се обраќа кон помладата популација, која е најотпорна на вирусот, но и најголем преносител не само во Аеродром туку и во целата држава.

*** Зошто Аеродром има толку многу случаи на заразени од КОВИД-19?**

Ние сите велиме дека Аеродром е една од најурбаните населби во цело Скопје. Знаете колку кафулиња и ресторани имаме во Аеродром. Бидејќи и јас живеам тука, редовно се движам низ територијата и забележувам дека во вечерните часови има групирања на млади, кои генерално не носат маски, се групираат повеќе од четири лица и можеме да констатираме целосно непочитување на препорачаните мерки. Имам една препорака до младите: „И догодина ќе бидете млади и догодина ќе уживате во животот“. Но главниот проблем е што изгледа дека ние им наметнуваме стил на живот што тие не можат да го прифатат. Податоците зборуваат сами за себе: од 0 до 19 години имаме само 4,8 отсто заразени, од 0 до 9 години имаме 0,8 отсто од инфицираните. Од 10 до 19 години имаме 2,5 до 3 отсто. Значи, кај населението до 19 години немаме никаков проблем со короната во државата, но според бројките, тие се најголеми преносители.

*** Кои се вашите пораки до нив како главни преносители на вирусот?**

Младите мислат дека можат да се однесуваат како што сакаат и дека вирусот не ги фаќа. Групирањата во вечерните часови нè принудија да донесеме одредени рестриктивни мерки. Не онаа рестрикција што беше во март и април, односно полициски час и вонредна состојба. Стопанството мора да работи, индустријата мора да работи, институциите мора да работат. Ако се затвореше сето тоа, ништо немаше да функционира. Она што сега сакаме да му го покажеме на населението е тоа дека научената лекција од минатото, од пред 6 месеци, денес ја внесуваме во игра, односно мерката за задолжително носење маска на отворено. Многумина ме прашуваат дали е потребно тоа. Потребно е поради облакот од вируси низ кој поминуваме. Одењето во затворени објекти мора да се одвива на дистанца од 3 метри. Во домашни услови, заради славите и слични прослави, мора да седиме дома.







**Само со почитување на превентивните мерки можеме да го победиме вирусот**

*** Дали Општина Аеродром може да се затвори, да се воведе „локдаун“ во нашата општина со оглед на големиот број заразени како што тоа се направи во Дебар?**

Дебар е лесно да се стави во „локдаун“. Но Општина Аеродром има многу влезови и излези. Треба да се постави многу војска и полиција по улиците доколку се одлучиме на таков чекор. Ние сакаме да влијаеме врз психата на населението, дека само со почитување на превентивните мерки можеме да го победиме вирусот.

*** А како ја оценувате епидемиолошката состојба во државата?**

Епидемиолошката состојба во државата моментално ја оценувам како критична. Што значи тоа во практика? Станува збор за широко распространета инфекција во сите поголеми општини во државата, при што вирусот непречено се шири. Народот главно не ги почитува мерките. Штом има(в)ме дневно над илјада случаи, апсолутно е непочитување на мерките, а особено мерките не се почитуваа во текот на септември и цел октомври. Кога луѓето се вратија од годишните одмори, веројатно се случи едно олабавување меѓу населението или размислувањето дека вирусот помина, летните денови дојдоа, температурата се покачи, цел септември имавме 25-30





степени. Луѓето си мислеа мерките можат и да не се почитуваат, затоа што топлото време ќе го уништи вирусот. Но тоа е епидемилошки неточно, затоа што и самиот вирус покажа дека топлото време не влијае врз него, значи, температурата над 30 степени не го уништува вирусот. Со самото тоа мерките што беа донесени уште во април и мај не дадоа резултат.

*** Што ни се случи, хронолошки, од март наваму? Дали подготовката на училиштата и градинките беше најголем предизвик?**

Мерките што беа предложени од наша страна се базираа на протоколи од Светската здравствена организација и Европскиот центар на мониторинг. Ние направивме над 40 протоколи. Комисијата за заразни болести заседаваше секојдневно. Јас како епидемиолог со 34-годишно искуство најавив втор бран на вирусот. Уште тогаш констатиравме дека градинките и училиштата ќе бидат сигурни доколку се почитуваат протоколите. Ги направивме протоколите за целата држава, како ќе се одвива наставата, како ќе се одвива животот и работата во градинка, како и другите протоколи за целокупното население, за влез во банка, за влез во шалтерска служба, супермаркети, кафеани, ресторани, кина, автобуси итн. Ни се случија верските обреди и верските празници. Изгледаше како народот сам да си оди еден против друг и како сами да си рековме, па ова не е ништо. „Вирусот е минлива работа, ќе заврши и ништо нема да ни стане", така си рековме. Она што го направивме во август и септември беше подготовка за тоа дали можеме да ги пуштиме училиштата да функционираат со физичко присуство. Согледувајќи ги искуствата од другите држави, ние направивме протокол, кој вели: Од прво до трето одделение со физичко присуство, затоа што сметаме дека најмладите деца се тие што во еден одреден момент имаат потреба од еден пример во животот, или како што се вели, авторитет. Авторитет не може да бидат родителите во домашни услови, туку наставникот, професорот, учителот итн. За таа цел, направивме протокол што му го дадовме на Министерство за образование и наука. Заеднички констатиравме дека е најдобро учениците од прво до трето одделение да следат настава со физичко присуство, а учениците од четврто одделение , па нагоре да следат онлајн, односно од далечина.

> Ние немаме здравствен персонал во резерва и населението мора да сфати дека и ние, здравствениот персонал, не сме нескршливи во делот на здравјето. Мора да му се помогне на здравствениот систем

**Дали од оваа дистанца сметате дека таквиот протокол бил вистински решение?**

Недвосмислено се потврдува дека сме биле во право. Зошто? Околните држави сега ги затвораат училиштата или се со намера да ги затворат, затоа што имаат огромен број ученици што се инфицирани. Ние бевме свесни дека вирусот може да влезе, но не од училиште, туку од дома, затоа што возрасните се тие што ќе го донесат вирусот дома и ќе им го пренесат на децата во училиштата. Затоа сега бројките на инфицирани деца и наставници е незначителен. Исто така, изготвивме протокол и во градинките, при што тестиравме огромен број воспитувачи. Засега, од 40 илјади деца што одат во градинка, ниедно не е болно, а воспитувачките што од дома го донеле вирусот, се наоѓаат во самоизолација. Самото тоа ни потврдува дека таму каде што има добро направен протокол, протокол којшто во практика се спроведува на работното место, протокол којшто главно треба да го спроведува наставниот и воспитниот кадар и доколку тој комплетно се почитува, вирусот не може да се пренесе.

> Сè додека не дојде вакцината, маската ни е вакцина

*** Дали нашиот здравствен капацитет е на задоволително ниво?**

Го растегнуваме здравствениот систем, воведуваме нови институции, нови клиники, она што никогаш не сме го направиле досега. Еве јас ги имам тие години кога можам да паметам. Ние никогаш не сме имале вакво растегнување на здравствениот систем, зашто здравствениот систем не е димензиониран за ваква епидемија. Ниту еден здравствен систем во светски рамки не е димензиониран да одговори на потребите за ваква епидемија. Она што мора сите да го знаат е дека ние немаме здравствен персонал во резерва.





> Мора да научиме дека како што наутро врзуваме чевли или појас во автомобил, така мораме да ставаме и маска на лицето. Мерките се тие и во Аеродром, и во Скопје, и насекаде низ светот

Во овој момент здравствениот персонал е така димензиониран, со негова ротација да можеме да си дозволиме тој да одговори на барањата за КОВИД-19. Ова не е епидемија само на инфектолозите и епидемиолозите. Ова е светска планетарна пандемија во која секој здравствен персонал мора да се вклучи. Населението мора да сфати дека и ние, здравствениот персонал, не сме нескршливи во делот на здравјето. Мора да му се помогне на здравствениот систем.

*** Какви се вашите предвидувања во однос на овој вирус, до кога ќе трае, кога можеме да очекуваме разлабавување на ситуацијата?**

Мораме да научиме да живееме со коронавирусот. Мора да научиме дека како што наутро врзуваме чевли или појас во автомобил, така мора да ставаме и маска на лицето. Факт е дека додека не дојде вакцината, маската ни е вакцина во моментов. За илустрација, јас носам маска, мојот соговорник носи маска, тоа значи дека 90 отсто сме заштитени. Кога сите би носеле маска во државава, трансмисијата на вирусот ќе се намали за 95 отсто. Со други зборови, ако имаме 1 000 пациенти на дневна основа, 950 ќе се тргнат само заради тоа што сите носат маска, не се групираат, држат дистанца и ги дезинфицираат или ги мијат рацете. Мерките се исти и во Аеродром, и во Скопје, и насекаде низ светот. Затоа што ние не можеме да смислиме нова мерка што ќе даде нов плод.

СПОРТ

## ДОНИРАВМЕ МИЛИОН ДЕНАРИ ЗА РАКОМЕТАРКИТЕ НА „ВАРДАР“



Советот на Општина Аеродром на 47. седница донесе одлука за финансиска поддршка на женскиот ракометен клуб „Вардар“ од Скопје во износ од милион денари.

Финансиската помош од Општина Аеродром, како што истакнуваат ракометарките на „Вардар“, многу ќе значи за функционирање на клубот, особено во услови на пандемија.

„Имајќи го предвид досегашниот успех на овој клуб за спортскиот живот, како и постигнатите резултати на домашен и на меѓународен план, сметаме дека ЖРК „Вардар“ придонесува за развој на масовниот спорт и рекреативните активности во нашата општина, како и за нејзина афирмација и во меѓународната јавност“, изјави градоначалникот Златко Марин.

Советот на Општина Аеродром, исто така, донесе одлука да се помогне Шаховскиот сојуз на Град Скопје со 200 000 денари за настани организирани за жителите на Општина Аеродром.

Општина Аеродром освен на ова спортско здружение, финансиски им помага и на други спортски клубови и здруженија, особено кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје – Аеродром, женски кошарка клуб на МЗТ и младинската школа на МЗТ, ракометниот клуб „Аеродром“, фудбалскиот клуб „Аеродром“, кикбокс клубот „Гладијатор“.

Со финансиската помош на спортските клубови, особено во време на пандемија кога спортските субјекти имаат тешки услови за работа и егзистирање, покажуваме грижа за спортскиот живот во општината.

## АЕРОДРОМЦИ ОСВОИЈА 4 МЕДАЛИ НА КИЌБОКС-ТУРНИРОТ ВО СРБИЈА

На кикбокс-турнирот „Балкан бест фајтерс 2020“ што неодамна се одржа во Јагодина, Србија натпреварувачите од кикбокс маитаи клубот „Гладијатор“ од Општина Аеродром освоија една златна, една сребрена и две бронзени медали во своите категории. Силвио Мировски освои злато, Марко Горневски – сребро, а Горјан Ристовски и Петар Христовски бронза.




На турнирот учествуваа вкупно 375 натпреварувачи од 9 држави - Србија, Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија, Хрватска, Молдавија, Косово и Романија.

Општина Аеродром, која финансиски го поддржува ова спортско здружение и се грижи за спортскиот живот во општината воопшто, им ја честита победата на овие успешни спортисти и ќе продолжи да им помага на спортските клубови, особено во време на пандемија кога спортските субјекти имаат тешки услови за работа и егзистирање.

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

## ИНТЕГРИРАНО ПЛИВАЊЕ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Неодамна го промовиравме проектот „Интегрирано пливање за децата со попреченост од основните училишта од Аеродром“ што се одржа во спа-центарот во кулите Џевахир.

Аеродром е прва општина што го воведе овој проект за помош и поддршка на учениците со попреченост, со кој им се овозможува изведување пливачки активности на оваа категорија деца. Проектот е наменет за ученици од прво до трето одделение, за кои се обезбедени два термина од по еден час со посебен инструктор за секое дете.

„Во услови на пандемија, многу е важна поддршката што им ја даваме на овие деца, кои преку пливањето и учењето на пливачките техники ја подобруваат својата психофизичка состојба и полесно се вклучуваат во општеството“, изјави градоначалникот Марин.

Инаку, Советот на Општината со ребалансот на буџетот за 2020 година изгласа доделување на 260 000 денари за оваа намена.





# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ



Изгрејсонце - Здравко Тодоров



Бура над Аеродром - Христијан Петрески



Хуманитарни акции во Аеродром - Владимир Преспански



Седи дома - Мери Цакиќ

Драги читатели, Општина Аеродром од поодамна ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од вас сликани во неа, од вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние што ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk



Љубов - Дијана Ќахил



Спанковци - Игор Пејиќ



Поглед од Џевахир - Владимир Андреевски



Остани дома - Марјан Келемен

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.

# АЕРОДРОМ ВО НОВОГОДИШНО РУВО

Во духот на Градот Скопје и другите општини во пресрет на новогодишните и божиќните празници Аеродром како најголема скопска општина донесе одлука оваа година да ги намали предвидените буџетски средства за новогодишно осветлување за 40 проценти и да ги пренамени за активности поврзани со справување со последиците од КОВИД-19.

Заштедените пари ги вложиве во набавка на средства за дезинфекција на јавните површини, на сите училишта и детски градинки, во доделување парична помош за семејства од ранливите социјални категории, како и во опремување на учениците со лаптопи, така што сите деца во Аеродром се обезбедени со опрема за непречено следење на наставата.

Со пренасочување на средствата за борба против пандемијата и со украсување само неколку пофреквентни локации за разлика од минатата година, сметавме дека граѓаните ќе имаат поголема корист од Општината, а сепак нема да им биде скратено правото на зрак светлина во тешкиот период со коронавирусот, особено во она малку време што можат да го поминат надвор за време на празниците и да им овозможиме да ја почувствуваат барем малку магијата на претстојните празници.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, во оваа пригода на своите сограѓани од Аеродром им посакува многу здравје и исполнување на сите желби.








## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |
| Полиција | 192 |
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |

### Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

### Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

### Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

### Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

### Урбани заедници

| | |
|---|---|
| Бисер | 075/316 526 |
| Јане Сандански | 075/316 527, 2451 050 |
| Мичурин | 075/316 522 |
| Острово | 075/316 510 |
| Стар Аеродром | 075/316 517, 2468 433 |
| Ново Лисиче | 078/371 764 |
| Горно Лисиче Запад | 075/316 523, 2438 891 |
| Горно Лисиче Север | 075/316 511, 2438 891 |
| Горно Лисиче Југ | 075/316 541, 2438 885 |
| Населба Лисиче | 075/316 520 |
| МЗ Долно Лисиче | 075/316 521, 2792 072 |

### Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Инспекција за животна средина | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528 |
| | 2401 529 |
| | 2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

### Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| КОД инженеринг | 2672 196 |

### Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 3073 010 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |
| Кабаст отпад | 0800 222 33 |

**ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА:**

**080052222**

Под мотото „**НУЛА ОТПАД**" воведуваме нова европска методологија за одржување на јавната хигиена и за управување и селекција на отпадот. Новата системска методологија се спроведува со непосредна и интерактивна соработка со жителите на општината. Затоа ве повикуваме на соработка за доброто на сите. Чистотата на јавните површини зависи од сите нас.

## ПРИЈАВИ ГО НЕСОВЕСНИОТ!

## 02/2401 555

ZERO WASTE EUROPE

## НЕПРИФАТЛИВ ОТПАД:

**течности**



**песок**



**градежен шут**



**хемикалии**



**храна или облека надвор од контејнерот**



## ПРИФАТЛИВ ОТПАД:

**затворени пластични кеси**



**кабаст отпад (02/2401 555)**



**електричен отпад (070/236 000)**



**електронски отпад (070/236 000)**



Следни чекори:
Членство во европската Zero Waste Europe
Паметно менаџирање на отпадот
Селекција на отпад од куќен праг
Компостирање органски отпад...